Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-4807/1
07-11-2022 20___ год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за експлоатација на суровини и производство
МЕРИСТЕМ - ТОБИ ДООЕЛ
Бр. 0812/22
07.11 20 22 год.
с.Оризари Кочани

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – габро на Друштвото за експлоатација на суровини и производство МЕРИСТЕМ-ТОБИ ДОО с. Оризари Кочани на локалитетот „Панталеј" општина Кочани и општина Пробиштип бр.41-6397/1 од 27 септември 2022 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.211/22) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – габро на локалитетот „Панталеј" општина Кочани и општина Пробиштип бр.24-5730/1 од 13.11.2014 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Kreshnik Bekteshi
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштвото за експлоатација на суровини и производство
МЕРИСТЕМ-ТОБИ ДОО с. Оризари Кочани
со адреса: 29-ти Ноември бб Оризари Кочани, Република Северна Македонија
застапувано од лицето Гунтер Алфонс Капраун
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2022 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГАБРО НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ПАНТАЛЕЈ" ОПШТИНА КОЧАНИ И ОПШТИНА ПРОБИШТИП

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – габро на локалитетот „Панталеј" општина Кочани и општина Пробиштип бр.24-5730/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3
Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – габро на локалитетот „Панталеј“ општина Кочани и општина Пробиштип бр.24-5730/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – габро на локалитетот „Панталеј“ општина Кочани и општина Пробиштип бр.24-5730/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

| За Концедентот | За Концесионерот |
| --- | --- |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | Друштвото за експлоатација |
| МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА, | на суровини и производство |
| Kreshnik Bekteshi | МЕРИСТЕМ-ТОБИ ДОО |
| | с. Оризари Кочани |
| | Гунтер Алфонс Капраун |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

# Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** Пантелеј - Кочани

**Минерална суровина:** Габро

**Површина = 0.531810 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7609300 | 4649400 |
| 2 | 7609000 | 4649200 |
| 3 | 7608180 | 4650480 |
| 4 | 7608450 | 4650680 |